# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ПРИЛЕП

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 29 Февруари 2016 година<br>Службен гласник број 2<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |
| ***Адреса: „Прилепски бранители " бр.1, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, емаил: prilep@prilep.gov.mk*** | | |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УТВРДУВАЊЕ УРЕДНОСТ НА ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА**

1. Заклучокот за Заклучок за утврдување уредност на граѓанска иницијатива, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 495/1
29.02.2016 год
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005 и 11/2008) , а во врска со член 76 став 4 од Закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Сл.Весник на Р. Македонија бр.81/05), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 29.02.2016 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
за утврдување уредност на граѓанска иницијатива

1.Советот на Општина Прилеп, на 45-та седница на Совет, согласно член 76 став 4 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Сл.Весник на Р. Македонија бр.81/05), утврди дека граѓанската иницијатива за формирање на јавно комунално претпријатие за производство на енергија и топлификација бр.25-216/1 од 25.01.2016 година, поднесена од Зоран Апостолоски со живеалиште на ул.„Битолска'' бр.23 Прилеп, овластен предлагач од страна на Центар за стратегии и развој ПАКТИС со седиште на ул.„Оцка Михајлоски'' бр.2, е уредна.

2.Заклучокот да се достави до овластениот предлагач, градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

3.Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

бр.25-493/2
29.02.2016 год
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
м-р Никола Димески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕ НА МЕЃУНАРОДНИОТ КАРНЕВАЛ "ПРОЧКА"**

1.Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Меѓународниот карневал "ПРОЧКА", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 495/2
29.02.2016 год
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" 6/2003, 4/2005 и 8/2011) а во врска со член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност ("Службен весник на РМ" 62/2004, 89/2008,115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/2013 и 187/2013), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 29.02.2016 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за продолжување на работното време на угостителските објекти
за време на Меѓународниот карневал "ПРОЧКА"

Член 1

Со оваа Одлука се продолжува работното време на угостителските објекти во градот и штандовите учесници на Меѓународниот карневал "ПРОЧКА" за време од 2 часа подолго од работното време на угостителските објекти определено со член 23 од Законот за угостителската дејност.

Член 2

Продолженото работно време се однесува само за деновите: ПЕТОК и САБОТА пред денот на одржувањето на фестивалот и НЕДЕЛА кога се одржува Меѓународниот карневал "ПРОЧКА".

Член 3

Одлуката да се достави до надлежните инспекциски служби, МВР-УВР Прилеп, организаторот на карневалот, градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

бр.25-493/3
29.02.2016 год
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
м-р Никола Димески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ПАРКИРАЊЕ, ОРГАНИЗАЦИЈА, УРЕДУВАЊЕ И НАЧИН НА НАПЛАТА НА ЈАВНИТЕ ПАРКИРАЛИШТА, КАКО И БЛОКИРАЊЕ, ДЕБЛОКИРАЊЕ, ПРЕМЕСТУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ВОЗИЛА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за условите и начинот на паркирање, организација, уредување и начин на наплата на јавните паркиралишта, како и блокирање, деблокирање, преместување и чување на возила на подрачјето на Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 495/3
29.02.2016 год
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основ на чл 4, став 2 од Одлуката за условите и начинот на паркирање, организација, уредување и начин на наплата на јавните паркиралишта, како и блокирање, деблокирање, преместување и чување на возила на подрачјето на Општина Прилеп бр.07-140/21 од 18.01.2008 година (''Службен гласник на Општина Прилеп'' бр.3/2008) а, в.в со Одлука за дополнување на Одлуката за одредување на јавните паркиралишта на кои се врши наплата за паркирање бр.07-1581/21 од 22.06.2012 година (''Службен гласник на Општина Прилеп'' бр.7/2012), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 29.02.2016 година, донесе:

**ОДЛУКА**
за измена и дополнување на Одлуката за условите и начинот на паркирање, организација, уредување и начин на наплата на јавните паркиралишта, како и блокирање, деблокирање, преместување и чување на возила на подрачјето на Општина Прилеп

член 1

Во Одлуката за условите и начинот на паркирање, организација, уредување и начин на наплата на јавните паркиралишта, како и блокирање, деблокирање, преместување и чување на возила на подрачјето на Општина Прилеп бр.07-140/21 од 18.01.2008 година (''Службен гласник на Општина Прилеп'' бр.3/2008), по член 1 се додава нов член 1 б, кој гласи:

''Член 1 б''

Согласно Одлука за откажување од паркинг простор пред деловниот објект-продавница „Жито Прилеп'' на бул. Гоце Делчев бр. 02-145/10 од 16.02.2016 година на ЈП за ПУП, се изземаат од наплата на надоместок за паркирање следните локации:

-простор од 4,6м2 на 4,3м2, пред деловниот објект –продавница „Жито Прилеп'' на бул. Гоце Делчев, предвиден во член 1 од Одлуката за условите и начинот на паркирање, организација, уредување и начин на наплата на јавните паркиралишта, како и блокирање, деблокирање, преместување и чување на возила на подрачјето на Општина Прилеп бр.07 140/21 од 18.01.2008 година (''Службен гласник на Општина Прилеп'' бр.3/2008).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

| | |
|---|---|
| бр.25-493/4 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 29.02.2016 год | на Советот на Општина Прилеп |
| Прилеп | м-р Никола Димески |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА МЕРМЕРНИ ПЛОЧКИ-ГАТЕРИСАНИ ВО ВКУПНА КОЛИЧИНА ОД 3.337 М2 НА ЦРКВАТА ''СВ.ПЕТКА'' ВО ТОЧИЛА, ПРИЛЕП**

1. Одлуката за доделување на мермерни плочки-гатерисани во вкупна количина од 3.337 м2 на Црквата ''Св.Петка'' во Точила, Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

| | |
|---|---|
| Број 08 - 495/4 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 29.02.2016 год | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Марјан Ристески |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп (“Сл. гласник на општина Прилеп” бр. 6/2003, 4/2005 И 11/2008) а во врска со член 7 став 3 точка 1 од Закон за донации и за спонзорства во јавните дејности (“Сл.весник на РМ” број 47/06, 86/08, 51/2011, 28/14 и 154/15), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 29.02.2016 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за доделување на мермерни плочки-гатерисани во вкупна количина од 3.337 м2 на Црквата ''Св.Петка'' во Точила, Прилеп

член 1

На Црквата''Св.Петка''во Точила, Прилеп, се доделуваат мермерни плочки-гатерисани во вкупна количина од 3.337м2, согласно намената на анекс кон договор за донирање на производи од мермер со арх. бр.03-2640/1 од 09.05.2014 година.

член 2

Доделувањето-предавањето на мермерни плочки-гатерисани во вкупна количина од 3.337м2, ќе се изврши во присуство на претставник од ЕЛС Прилеп и претставник на Црковниот Одбор на Црквата ''Св.Петка'' во Точила, Прилеп.

член 3

Одлуката да се достави до Црковниот Одбор на Црквата ''Св.Петка'' во Точила, Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

член 4

Ова Одлука влегува во сила осмиот ден, од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

| | |
|---|---|
| бр.25-493/5 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 29.02.2016 год | на Советот на Општина Прилеп |
| Прилеп | м-р Никола Димески |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ДОНАЦИЈА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за прифаќање на донација на Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 495/5
29.02.2016 год
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02), а во врска со член 6 став 2 и 3 од Законот за финансирање на единиците за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 61/04,96/04, 67/07,156/09 и 47/11) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005 и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 29.02.2016 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за прифаќање на донација на Општина Прилеп

член 1

Со оваа одлука, Општина Прилеп ја прифаќа донацијата дадена во добра и услуги за цели од јавен интерес, дадена од давателот Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за републиката-скопје, застапувано од директорот Драган Василески.

член 2

Донацијата која се дава на Општина Прилеп се состои во улично осветлување за станбен објект со станови за лица со социјален ризик и други ранливи групи, Точила 2 блок 2/4 во Прилеп.

член 3

Донацијата од член 1 на оваа Одлука ќе се прими и реализира согласно закон.

член 4

За донацијата ќе биде склучен посебен договор, помеѓу Градоначалникот на Општина Прилеп, како прималел на донацијата и Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за републиката-скопје,.

член 5

Оваа Одлука влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

бр.25-493/6
29.02.2016 год
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
м-р Никола Димески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈП ЗА ПУП ПРИЛЕП ЗА 2016 ГОДИНА, БР.02-145/11 ОД 16.02.2016 ГОДИНА НА ЈП ЗА ПУП ПРИЛЕП**

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП за ПУП Прилеп за 2016 година, бр.02-145/11 од 16.02.2016 година на ЈП за ПУП Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 495/6
29.02.2016 год
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002), а во врска со член 11 точка 6 од Законот за јавните претпријатија("Службен весник на Република Македонија" бр. бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15 и 61/15), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 29.02.2016, донесе:

**ОДЛУКА**
за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП за ПУП Прилеп за 2016 година, бр.02-145/11 од 16.02.2016 година на ЈП за ПУП Прилеп

член 1

Се давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП за ПУП Прилеп за 2016 година, бр.02-145/11 од 16.02.2016 година на ЈП за ПУП Прилеп.

член 2

Одлуката да се достави до ЈП за ПУП Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

член 3

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

| | |
|---|---|
| бр.25-493/7 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 29.02.2016 год | на Советот на Општина Прилеп |
| Прилеп | м-р Никола Димески |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ, БР.2-221/10 ОД 29.01.2016 ГОДИНА НА ЈКП „КОМУНАЛЕЦ''-ПРИЛЕП**

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите, бр.2-221/10 од 29.01.2016 година на ЈКП „Комуналец''-Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08 - 495/7 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 29.02.2016 год | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Марјан Ристески |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002), а во врска со член 11 точка 6 од Законот за јавните претпријатија("Службен весник на Република Македонија" бр. бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15 и 61/15), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 29.02.2016, донесе:

**ОДЛУКА**
за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите, бр.2-221/10 од 29.01.2016 година на ЈКП „Комуналец''-Прилеп

член 1

Се давање согласност на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите, бр.2-221/10 од 29.01.2016 година на ЈКП „Комуналец''-Прилеп.

член 2

Одлуката да се достави до ЈКП „Комуналец''-Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

член 3

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

| | |
|---|---|
| бр.25-493/8 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 29.02.2016 год | на Советот на Општина Прилеп |
| Прилеп | м-р Никола Димески |

**АКТ ОД КОМИСИЈА ЗА СТАТУТ И ПРОПИСИ**

По извршениот увид на изворниот текст е утврдено дека во текстот на "Службен гласник на Општина Прилеп" број 11 од 25 Септември 2015 година, е направена грешка поради што се дава

**ИСПРАВКА**
**НА "СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРИЛЕП" БРОЈ 11 ОД 25 СЕПТЕМВРИ 2015 ГОДИНА**

Во текстот на "Службен гласник на Општина Прилеп" број 11 од 25 Септември 2015 година во Одлука бр. 25/2148/46, во член 1, ред 4 наместо зборот :„ КП 25/16 за КО-Прилеп,'' треба да стои „ КП 25/16 за КО Ново Лагово''.

| | |
|---|---|
| Број 25-506/1 | КОМИСИЈА |
| 01.03.2016 | ЗА СТАТУТ И ПРОПИСИ |
| П р и л е п | |

**С О Д Р Ж И Н А**

*на Службен гласник на Општина Прилеп бр. 2 од 29.02.2016 година*


1. Заклучок за утврдување уредност на граѓанска иницијатива. ..............................................**Стр.1**
2. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Меѓународниот карневал “ПРОЧКА”..................................................................... **Стр.1**
3. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за условите и начинот на паркирање, организација, уредување и начин на наплата на јавните паркиралишта, како и блокирање, деблокирање, преместување и чување на возила на подрачјето на Општина Прилеп.............................................................................................. **Стр.1**
4. Одлука за доделување на мермерни плочки-гатерисани во вкупна количина од 3.337 м2 на Црквата ’’Св.Петка’’ во Точила, Прилеп........................................................ **Стр.3**
5. Одлука за прифаќање на донација на Општина Прилеп......................................... **Стр.3**
6. Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП за ПУП Прилеп за 2016 година, бр.02-145/11 од 16.02.2016 година на ЈП за ПУП Прилеп................................................. **Стр.4**
7. Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите, бр.2-221/10 од 29.01.2016 година на ЈКП „Комуналец’’-Прилеп.........................................................................................................**Стр.5**
8. Акт од Комисија за статут и прописи........................................................................ **Стр.5**



ИЗДАВА : Општина Прилеп

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески -Градоначалник на Општина Прилеп

ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска

ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 50 примероци